Бр./Nr 12-6819/2
21-03-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 63-та седница одржана на 15.03.2022 година ја донесе следната

*ОДЛУКА*

Пријавата заведена под број 12-6819 од 13.12.2021 година, со која ВД Директорот на ЈКП ,,------------------------- " од -------------- бара мислење од ДКСК за наводи за прекршување на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и на Изборниот законик при спроведувањето на јавниот оглас со број -----/1 од -------.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во предметната пријава – барање мислење не е констатирана повреда на Законот за спречување на корупцијата и Изборниот законик.

Предметот со број 12-6819 од 13.12.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Од страна на познат подносител, односно ВД Директорот на ЈКП ,,--------------" од ------------- на ден 13.12.2021 година, поднесена е пријава – барање мислење и оформен е предмет број 12-6819 од 2021 година.

Во пријавата подносителот наведува е именуван за ВД Директор ЈКП ,,------------------ во ------------- на ден ---------.2021 година, по што направил анализа на документацијата која ја затекнал во претпријатието и утврдил дека претходниот директор --------------- имал склучено Договори за вработување со 25 (дваесет и пет) лица, а врз основа на јавен оглас за пополнување на работни места на даватели на услуги и помошно-технички лица по пат на вработување на неопределено време.

Притоа бара од ДКСК мислење за тоа дали при ангажирањето на лица со договорите за вработување на неопределено време е направена повреда на членот 8-а од Изборниот законик, како и тоа дали постапката за пополнување на работните места за помошно-

21-03-2022

технички лица е направена согласно со одредбите од член 6 став 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл. Весник на РСМ бр. 27/14...14/20), односно дали била спроведена постапка за полагање на квалификациски тестови во хартиена или електронска форма.

Од документацијата која е доставена во прилог кон пријавата, ДКСК констатира дека постапката за вработување започнала со објавување на јавниот оглас за пополнување на работните места споменати погоре на ден ----.07.2021 година, биле формирани неколку комисии со поединечни решенија за селекција на кандидатите, бил изготвен Записник од извршената селекција на даватели на услуги и на ден ---.08.2021 година била донесена Одлука за избор на пријавени кандидати на јавен оглас.

По објавувањето на Решението за распишување на изборите за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и градот Скопје (Сл. Весник на РСМ бр. 185 од 06.08.2021 година), на ден ---.08.2021 година била донесена Одлука со која јавниот оглас со бр. --------/1 се става во мирување се до завршувањето на изборниот процес. Подоцна на ден ---.11.2021 година и на ---.11.2021 година биле склучени договорите за вработување од споменатиот оглас.

По разгледувањето на предметните наводи и прилог документацијата, ДКСК констатира дека во случајот не е сторена повреда на член 8-а од Изборниот законик при постапката за вработување преку јавен оглас со број -------/1 од ----------.2021 година.

Додека пак по разгледувањето на наводите во делот од пријавата – барање мислење во врска со спроведувањето на постапката, односно за тоа дали била спроведека согласно член 6 став 3 од Законот за вработените во јавниот сектор, ДКСК оцени дека нема елементи на надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: м-р К.З.
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**